


**Васил МАНЕВСКИ**
**(Од стихозбирката АМАНЕТ)**

**ЗДРАВОРАЗУМЕН АПЕЛ**

**Подзапрете се, потргнете се**
**Потрчковци и подопашници**
**Погледнете се, засрамете се.**

**Доста се лепевте како мидери**
**Доста клатевте празни глави**
**Исто како вашите квази лидери.**

**Трева не никнува каде стапнете**
**Упропостивте и села и градови**
**Ненаситни, се сакате да лапнете..**

**Не ги признаваме вашите додавки**
**Разделивте браќа, соседи скаравте**
**Не ведите ни колку прчогази мравки.**

**Постојат уште здраворазумни луѓе**
**Стамени, горди со карактери цврсти**
**Што свое бранат, а не сакаат туѓе.**

**Иде време, народот веќе се буди**
**За лагите и кражбите и злоделата**
**Сигурно знајте, некој ќе ви суди.**